ДЗР-Q-720-101.01

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ГОДИШЕН ПЛАН

# ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

# ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, декември 2022 година

Врз основа на член 9 точка 16 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Стратегијата за управување со човечки ресурси 2020 – 2023 година, член 12 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година бр. 01-1649/1 од 26.12.2022 година, главниот државен ревизор донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН

## за континуирано професионално усовршување за 2023 година

### 1. Континуирано професионално усовршување

Државниот завод за ревизија е Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии. ДЗР обезбедува поддршка на Собранието на РСМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата. Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

За успешно исполнување на нашата цел – водење грижа за јавните средства и унапредување на управувањето со истите, нашата визија е дека е потребно континуирано да обезбедуваме квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој истовремено е носител на напредокот во управувањето со јавните средства, отчетноста и транспарентноста во користењето на истите.

Со цел остварување на визијата и мисијата, Државниот завод за ревизија, во 2020 година ја донесе Стратегијата за управување со човечките ресурси во ДЗР 2020-2023 година, во која се утврдени стратешките цели во насока на обезбедување на современа и професионална функција на управување со човечките ресурси, која ќе промовира јасна визија за работата и улогата на Државниот завод за ревизија. Истата е изготвена во согласност со меѓународно прифатена методологија, а во насока да осигура професионални, квалификувани, со висок интегритет, како и силно мотивирани вработени.